# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ ВО АГРАРОТ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1202-100/10 од 18 мај 2018 год. донесена на 158. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржан на 17 мај 2018 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *менаџмент во аграрот* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

- Проф. д-р Трајко Мицески, редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - претседател;
- Проф. д-р Драги Димитриевски, редовен професор на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, - член;
- Проф. д-р Трајан Дојчиновски, редовен професор на Факултет за биотехнички науки при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 14 – 15 април 2018 год. и во предвидениот рок се пријави проф. д-р Еленица Софијанова, доктор на менаџмент науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Еленица Софијанова** е родена на 19.7.1965 во Велес, Р. Македонија. Средно училиште завршува во Велес, во гимназијата „Кочо Рацин“. Потоа, во учебната 1985 година кандидатката дипломира на Педагошката академија „Св. Климент Охридски“ во Скопје, а во 1989 дипломира на Филозофскиот Факултет на група Педагогија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во учебната 2005 година кандидатката магистрира во областа менаџмент на човечки ресурси со тема „Влијанието на менаџерот во управувањето со организациските конфликти“ на 25.2.2005 год. во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ со средна оценка 9,57, а на 15.5.2007 година на истиот Институт со успех ја одбрани докторската дисертација од областа на менаџментот на тема „Менаџерските и социолошките аспекти на диверсификацијата во стиловите на менаџирање, детерминирани според начинот на разрешување на конфликтните ситуации“ и се стекна со академски степен доктор по менаџмент.

Од 24.12.1995 год. до 2009 год. кандидатката Еленица Софијанова се вработува во Основно училиште „Благој Кирков“ во Велес, како одделенски наставник.

Од 2009 год. се вработува на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип како доцент, има професионален ангажман по предметите: Развој на хумани ресурси, Менаџмент на интегрално производство, Агроменаџмент, Основи на економија, Економика во земјоделието, Маркетинг на грозје и вино во четири испитни центри дисперзирани во градовите Штип, Свети Николе, Кавадарци и Струмица.

Како интегриран универзитет, доцент Еленица Софијанова професионално е ангажирана и на Економски факултет предавајќи ги предметите Менаџмент на тотален квалитет, Деловна здравствена комуникација и Конфликт менаџмент на студенти од прв циклус студии.

Како доцент кандидатката д-р Еленица Софијанова е вклучена во втор циклус на студии на Земјоделски факултет, предавајќи ги предметите Основи на менаџмент (2+1+1), Маркетинг и промоција на грозје и вино (2+1+1), Земјоделска рурална политика (2+1+1).

Д-р Еленица Софијанова е автор на една рецензирана скрипта од областа на менаџментот при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, две книги кои се користат како дополнителна литература по предметот Развој на хумани ресурси на Земјоделски факултет и предметот Конфликт менаџмент на Економскиот факултет, и тоа:

– Еленица Софијанова, Матлиевска Маргарита, Јованов Тамара, 2013 Деловна комуникација, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Економски факултет. ISBN 978-608-4504-51-1
– Еленица Софијанова, 2010, Управувањена организациски конфликти, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Земјоделски факултет, Одлука бр. 1802-130/16 од 23.8.2010 година, рецензија во Универзитетски билтен бр 48, октомври 2010 г.
– Еленица Софијанова, 2010, Неконтролирана конфликтност во организациското однесување, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Земјоделски факултет, Одлука бр. 1802-130/16 од 23.8.2010 година, рецензија во Универзитетски билтен бр 48, октомври 2010 г.

Д-р Еленица Софијанова е рецензент (заедно со проф. д-рТрајко Мицески) на книгата „Бизнис комуникации-наука и практика" од авторот доц. д-р Елизабета Митрева, рецезент на книгата „Подобрување на квалитетот на образованието во услови на децентрализација" од авторот м-р Рефика Селмановиќ. Во изминатиов период меѓу двата избори е рецезент на избор на еден асистент (два пати) и еден наставник во звање доцент.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:***

1. *Вонреден професор од научната област во која се избира,* кандидатот Еленица Софијанова е доктор по менаџмент, со одбранета докторска дисертација на тема „Менаџерските и социолошките аспекти на диверсификацијата во стиловите на менаџирање, детерминирани според начинот на разрешување на конфликтните ситуации".

Избор во звање вонреден професор е со Одлука бр.1802-443/4 од 16.10.2013 година.

2. *Објавени најмалку шестнаучноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научниписанија или меѓународни научни публикации или три научни труда во научносписание со импакт фактор во последните пет години.*

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Год. на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Dimovska, Violeta and **Sofijanova, Elenica** and Ilieva, Fidanka (2013) | *„Agro-biological characteristics of three Sauvignon blanc (Vitisvinifera L.) clones, growing in R. Macedonia, Plant studies„* | International scientific on-line journal "Science & Technologies", III (6). pp. 9-14. ISSN 1314-4111,Stara Zagora, Bugarijahttp://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6958 | (од 2011) |
| 2 | **Sofijanova, Elenica** and Dimovska, Violeta and Catleska, Vesna and Spirovska, Maja (2013) | *„Commitment to quality in agribusiness„* | International Scientific on-line Journal "Science & Technologies", 3 (6). pp. 1-4. ISSN 1314-4111,Stara Zagora, Bugarijahttp://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6861 | (од 2011) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | **Sofijanova, Elenica** and Kuzelov, Aco and Fotov, Risto and Catleska, Vesna (2013) | *,,Implementing teamwork for quality in agribusiness,,* | International scientific on-line journal "Science & Technologies", 3 (6). pp. 1-4. ISSN 1314-4111, Stara Zagora, Bugarija, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6862 | (од 2011) |
| 4 | **Sofijanova, Elenica** and Fotov, Risto and Kletnikoski, Petar (2012) | ,,Quality function and the effective manager,, | Yearbook of Faculty of Agriculture, 2011, XI. pp. 7-15. ISSN 1409-987X, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/3818 | (од 2010) |
| 5 | **Sofijanova, Elenica** and Zabijakin-Chatleska, Vesna (2013) | *,,High performance work practices and organizational performance: an analysis of the Macedonian food and beverage industry,,* | In: XI International Scientific Conference "Management and Engineering'13", 23-26 June 2013, Sozopol, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6959 | (од 2002) |
| 6 | **Sofijanova, Elenica** and Zdravkovska, Milka and Kovacevska, Ivona (2013) | *,,Systemic thinking in a function of the dynamic complexity,,* | In: The 8th IRDO International Conference: Social Responsibility and Current Challenges, 07-09. 03.2013, Maribor, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/5845 | (од 2005) |
| 7 | **Sofijanova, Elenica** and Zabijakin-Chatleska, Vesna (2013) | *,,Employee involvement and organizational performance: evidence from the manufacturing sector in Republic of Macedonia,,* | In: The International Scientific Conference "Business and Regional Development", 20-21 June 2013, Trakia University, Bulgaria, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8225 | (од 1995) |
| 8 | Dimovska, Violeta and Beleski, Klime and Boskov, Krum and Ivanova, Violeta and Serafimovska, Ana and Ilieva, Fidanka and **Sofijanova, Elenica** and Kletnikoski, Petar (2012) | *,,Compariosn of three Chardonnay clones (Vitis vinifera L.), growing in Skopje'vineyard region, R.Macedonia,,* | In: I International Symposium and XVII Scientific Conference of Agronomists of Republic of Srpska, 19-22 March, 2012, Trebinje, Bosnia and Herzegovina, | (од 1995) |
| 9 | **Sofijanova, Elenica** and Kletnikoski, Petar (2009) | *,,Creating Competition in Agro-Business Through Management of the Quality, Agrarniot sektor vo uslovite na finansova kriza,,* | Svishov, Bulgaria, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/837 | (од 1976) |

Има издаден универзитетско помагало, скрипта по предметот за кој се избира од соодветната научна област објавен во е-библиотека –**Софијанова Еленица,** Матлиевкса Маргарита, Марјанова Јованов Тамара (2013) Деловна комуникација. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Економски факултет. ISBN 978-608-4504-51-1, како и две книги од областа на конфликт менаџментот:

**Софијанова Еленица**, *Неконтролирана конфликтност во организациското однесување*, BIGOSS, Skopje. ISBN 9989-44-125-1, Земјоделски факултет, Одлука бр. 1802-130/16 од 23.8.2010 година, рецензија во Универзитетски билтен бр 48, стр. 14-16 октомври 2010;

**Софијанова Еленица**, *Управување на организациски конфликти*, BIGOSS, Скопје, ISBN 9989-44-119-7, Земјоделски факултет, Одлука бр. 1802-130/16 од 23.8.2010 година, рецензија во Универзитетски билтен бр 48, стр.11-13 октомври 2010.

Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнување во примената на научноистражувачките резултати.

| *Наслов на проектот* | *Период* | *Финансиран од* | *Улога во проектот (главен истражувач) или учесник)* |
|---|---|---|---|
| 1. *TEMPUS Project Western Balkan Rural Extension Network through Curriculum Reform, JP – 158777 - 2009 WBREN 2009 -2012 година* | *2009-2012* | *ЕУ* | *Учесник* |
| 2. *TEMPUS SATIS Project number 159143-HU-JPCR, 2009 - 2012* годнина | *2009-2012* | *ЕУ* | *Учесник* |
| 3. *Модернизација во образовниот процес* | *2010* | *МОН* | Координатор и главен обучувач |
| 4. *Современикреативнитехни киикомуникацискивештини* | *2012-2013* | *МОН* | Координатор и главен обучувач |

– Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
– Покажува способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност.
– Позитивна оцена од самоевалуацијата.

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатката д-р Еленица Софијанова својата наставно-образовна дејност ја започнува во 2009 година, како вработена на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штипкога е избрана во наставно-научно звање доцент со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет (бр. 1802-61/4 од 5.3.2009 год.) во наставно-научната област економика и менаџмент во аграрот, објавено во Универзитетски билтен бр.16 од 16.2.2009 година.

Започнува со изведување на настава на Земјоделски факултет, прв циклус студии, по предметите:

- Развој на хумани ресурси – 2009/2012,
- Менаџмент во интегрираното земјоделско производство – 2013/2014,
- Агроменаџмент – 2013/2018,
- Основи на економија – 2009/2012,
- Економика во земјоделството – 2012/2013 и
- Маркетинг на грозје и вино – 2011/2012год., во наставни центри во Штип, Свети Николе, Струмица и во Кавадарци.

Со добивање на менторство за втор циклус студии, д-р Софијанова изведува настава и на втор циклус по предметите: Основи на менаџмент, Маркетинг и промоција на грозје и вино и Земјоделска рурална политика на Земјоделски факултет.

На барање на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, од академската 2010/2011 година д-р Софијанова изведува настава на прв циклус студии по предметот TQM - Менаџмент на целосен квалитет во здравствениот сектор и Деловна здравствена комуникација, сè до 2013 год.

Откако со Одлука бр. 0503-113/9 од 1.10.2014 година кандидатката е распоредена во работно место универзитетски вонреден професор на Економскиот факултет, на катедрата

Менаџмент и претприемништво, при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, изведува настава на прв циклус по предметите: Менаџмент на човечки ресурси, Менаџмент, Менаџмент информациони системи, Менаџмент на промени, Проектен менаџмент во наставните центри за дисперзирани студии во Радовиш и во Кочани.

Со добивање на менторство за втор циклус студии, д-р Софијанова изведува настава и на втор циклус по предметите Менаџмент на човечки ресурси и Менаџмент на мал бизнис на Економски факултет.

Согласно со Решението за акредитација и започнување со трет циклус студии на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, проф. Софијанова има добиено и Решение за менторство за изведување на настава на  програмата Деловна економија. На овие студии таа изведува настава по предметите Економика на претпријатија, Маркетинг (Одлука бр. 12 – 57/2-2 од 6.10.2014). Ментор е на тројца докторанди.

Со Одлука бр.03 – 15/226 од 29.10.2015 год. проф. Софијанова е ангажирана од страна на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје за трет циклс студии во учебната 2015/2016 год. по предметот Менаџмент на човечки ресурси.

За потребите на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Софијанова има издадено два рецензирани учебници (објавени на е-библиотека на УГД - Штип), една рецензирана скрипта (што е и еден од условите од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип“) и две книги кои се користат како дополнителна литература по предметот Развој на хумани ресурси (Менаџмент на човечки ресурси) на Земјоделски факултет и предметот Конфликт менаџмент на Економскиот факултет, и тоа:

Евалуација на објавените книги, учебници и учебни помагала на кандидатот проф.д-р Еленица Софијанова:

Еленица Софијанова, 2010, Управувањена организациски конфликти, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Земјоделски факултет, Одлука бр. 1802-130/16 од 23.8.2010 година, рецензија во Универзитетски билтен бр 48, октомври 2010 г. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6951

Презентираниот труд разработува прашања кои се однесуваат на конфликтите како дел од животот и посебно нивното третирање од аспект на влијанието врз организациската ефективност, особено од аспект на меѓугрупните врски и нивното влијание врз организациските конфликти. Здрава организациска атмосфера рефлектира целосна хармонија во работните односи, но не само тоа, туку се постигнува лојалност и заедничка посветеност кон поставените цели на организацијата. Тоа всушност е „идеал за среќно семејство“, кое се гради преку практикување на тимско работење преку кое потенцијално пројавените организациски конфликти ќе се управуваат. Конфликтот како фактор кој може да внесе дисфункција во работењето на организацијата, претставува несогласување кое произлегува од менаџерите, вработените и организациските единици во процесот на одвивање на оперативните активности во организацијата. Конфликтот е комплексен феномен на човековата интеракција, потребно е ослободување од т.н. мрачни и застрашувачки асоцијации за да се создаде простор за нестереотипно, реално и логично размислување. Во потрага за решение на организациските конфликти потребно е да се анализираат изворите кои генерираат конфликт, односно причините кои поттикнуваат интерперсонален или интергрупен конфликт. Понатаму, претставени се научните методи за разрешување на пројавените организациски конфликти. Се разбира во интерес на постигнување на синергетски ефекти кои се возможни само во организациско функционирање на сите инволвирани страни треба да се подготвени на организациска комуникација која е основа на сите меѓучовечки односи како транссубјективна интимност и координација, зашто само на тој начин се остварливи поставените цели на организацијата.

Еленица Софијанова, 2010, Неконтролирана конфликтност во организациското однесување, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Земјоделски факултет, Одлука бр. 1802-130/16 од 23.8 2010 година, рецензија во Универзитетски билтен бр 48, октомври 2010 г.

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6950

„Неконтролирана конфликтност во организациското однесување”, авторката проф. Еленица Софијанова нѐ воведува во дефинирањето на конфликтот, како неогласување

помеѓу две или повеќе индивидуи или групи, во смисла дали тој е проблем или не е проблем. Таа полемизира и издвојува свој став наспроти ставот што менаџерите и теоретичарите за менаџмент традиционално го застапувале гледиштето дека конфликтот е проблем кој треба да се избегне. Проф. Еленица Софијанова, застапува став според кој конфликтот во последниве години и покрај тоа што може да се наметне како сериозен проблем, сепак има одредени видови конфликт кои можат да бидат корисни, од негативни може да се трансформираат во позитивни преку неколку фази: првата фаза го анализира појавениот конфликт како нефункционална појава, втората фаза го разгледува како природна појава, додека во следните две фази организацискиот конфликт се разгледува низ ситуацискиот модел. Објаснети се методите на стимулација на конфликтите, методите на редуцирање на конфликтите и методите на решавање на организациските конфликти. Направена е синтеза на овие методи практикувајќи го ситуацискиот модел за да се согледа приодот кон разрешување на конфликтите од страна на менаџерите и другите вработени. Од презентираните податоци од спроведените истражувања кои се претставени во овој научен труд, се доаѓа до заклучок дека до намалување на интергрупните конфликти се доаѓа само преку воведување на системи на наградување за вложениот труд, само на тој начин може да се прифати одлука од сите вработени во организацијата.

Sofijanova, Elenica and Matlievska, Margarita and Marjanova Jovanov, Tamara (2013) Деловна комуникација. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Економски факултет. ISBN 978-608-4504-51-1, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6763

Оваа рецензирана скрипта наменета за студентите на Економскиот и Земјоделскиот факултет разработува прашања кои се однесуваат на комуникацијата која е активност во која има поделба на информации меѓу две или повеќе индивидуи или групи, за остварување на заемно разбирање. Во комуникацискиот процес се нудат решенија за совладување и менаџирање на организациските проблеми, како и идентификација и лоцирање на потенцијалните места кои можат да генерираат неефективна и неефикасна комуникација. Значи, комуникацијата е процес со кој информациите се разменувани и се разбрани од двајца или повеќе соговорници, со цел да мотивираат или да моделираат организациско однесување. Се користи отворена комуникација и активно слушање во стратегиските конверзации кои стануваат покорисни и лесно употребливи од страна на менаџерите и другите вработени.

Многу е важен и начинот како е разбрана пораката, па затоа се смета дека тоа е процес на пренесување и разбирање на пораките. Постои голема интеракција со опкружувањето од кое се согледуваат туѓите искуства кои будат емоции, разговори, идеи кои понатаму имаат големо значење и од кои се буди желба за нивно пренесување.

Значењето се формира со сите пет сетила во свеста на индивидуата од сѐ тоа што се гледа, што се слуша, допира, мириса, сите тие информации создаваат мислење, ставови кои го привлекуваат вниманието кое е селективно.

Не е возможно сѐ што е во опкружувањето да се забележи, затоа се селектира, има таканаречени филтри (ограниченост на способност да се забележи или почувствува секој стимуланс во средината) кои можат да бидат физички и психички. Податоците се филтрираат преку веќесоздадените верувања, вредности, моменталната физичка или психичка состојба на индивидуата.

Процесот на комуникација започнува со интраперсонална одлука за одредена порака која треба да биде пренесена, потоа таа порака се кодира и се испраќа преку претходно определен комуникациски канал. Кодирањето значи како идејата или информацијата да се трансформира во форма која ќе биде разбирлива за примачот. Начинот на кодирање зависи од тоа на кого се праќа пораката и која е целта на таа порака. Симболите или знаците кои се користат за кодирање на пораката понекогаш имаат двојно значење, па затоа е потребно да се направи внимателен избор за да не се создаде можност за недоразбирање.

Пораката е конкретен производ на тие знаци или симболи претставен преку: слики, текст, цртежи, различни гестови, а може да биде имплицитна или индиректна и екплицитна или директна.

Местата или средствата кои се избрани за да се „однесе“, пренесе пораката до примачот се викаат канали (или медиуми). Медиум е патот, начинот по кој се пренесува пораката, на пример, телефонски повик, писмо, белешка, лична комуникација на состанок, преку кој кодираната порака се пренесува до примачот. Кој канал ќе биде избран зависи од сложеноста на содржината која се пренесува, како и од способноста за прием на примачот (на пр. луѓе со оштетен вид не можат да примаат визуелни пораки).

Потоа, примачот ја прима пораката, исто така, со помош на своите сетила и ја декодира, а тоа значи се труди да го разбере значењето на симболите или знаците од кои е составена пораката.

Декодирањето е процес на реконструкција на идејата на испраќачот, доделување значење на симболите интерпретирајќи ја пораката како целина. Дали пораката е разбрана на начин на кој е испратена од примачот, со идентична содржина и значење се констатира преку повратната порака која, всушност, е одговор на пораката од испраќачот, но и знак за успешно реализирана комуникација. Ова е критична точка во процесот на комуникација. Доколку недостасува, нема сигурност дека пораката е примена од примачот на кој таа е пратена.

Во комуникацискиот процес има и: бучава, шумови, пречки, дистрактори, кои сметаат и ја попречуваат комуникацијата, кои можат да бидат физички и семантички. Физички пречки (физичка бучава) се оние ситуации во кои има „нешто“ што смета во текот на пренесување на пораката од испраќачот до примачот, од изворот до крајната дестинација (работа на машини, расипан микрофон, гласови од другите присутни, недобро отпечатен текст со бледи букви...). Семантичките пречки (семантичката бучава) претставуваат несоодветно разбирање помеѓу испраќачот и примачот иако пораката е разменета. Причини за ова можат да бидат: различни искуства, ставови, верувања, знаење, како и развиените индивидуални комуникациски вештини.

Sofijanova, Elenica (2017) Основите на деловното комуницирање, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, Македонија. ISBN 978-608-244-416-1, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18236

Авторот на овој учебник, проф. Софијанова, истакнува дека комуникацијата е фундамент на социјалното однесување, трансмисија на пораки сфатени од индивидуите кои се вклучени во процесот на комуникација. Комуникацијата е процес насочен не само кон опкружувањето, туку е насочен и кон себеси, кон сопствената човекова внатрешност, а тоа се реализира преку читањето, пишувањето, размислувањето, заклучувањето. Сето ова го сочинува стилот на однесување, на овој начин се создаваат различни култури и цивилизации. Комуникација се остварува кога човекот зборува, кога разговара, кога мисли, кога слуша, кога пишува и кога чита, кога покажува одредена гестикулации со своето тело, со изразот на лицето.

Поголемиот дел од времето во кое се комуницира се употребува за примање на пораки од средината во која се наоѓа човекот. Притоа голема улога имаат човековите органи со кои се примаат надворешните дразби, а тоа се очите, ушите осетот за мирис и вкус и осетот за допир.

Деловната комуникација претставува разменување на пораки, размислувања, искуства, кои се кодираат во вид на пораки и се испраќаат до примачите во претпријатието. Многу е важен и начинот како е разбрана пораката, па затоа се смета дека тоа е процес на пренесување и на разбирање на пораките. Пораката е конкретен производ на тие знаци или симболи претставен преку слики, текст, цртежи, различни гестови, а може да биде имплицитна или индиректна и екплицитна или директна.

Местата или средствата кои се избрани за да се „однесе“, пренесе пораката до примачот се викаат канали (или медиуми). Медиум е патот, начинот по кој се пренесува пораката, на пример, телефонски повик, писмо, белешка, лична комуникација на состанок, преку кој кодираната порака се пренесува до примачот. Кој канал ќе биде избран зависи од сложеноста на содржината која се пренесува, како и од способноста за прием на примачот (на пр. луѓе со оштетен вид не можат да примаат визуелни порака). Содржината

на деловната комуникацијата е во директна врска со предметот на комуникацијата: дали се дава совет, дали се поставува прашање, дали се наредува, дали се информира... Има различни форми преку кои може да се комуницира вклучувајќи ја и гестикулацијата, пишувањето или вербалното усно обраќање. Содржината и формата заедно ја сочинуваат бизнис пораката која е испратена кон одредена дестинација, а тоа е друг вработен - примачот на таа порака. Голем број експерти во оваа област посочуваат на фактот дека во деловната комуникација голема е важноста на искажаните зборови, тонот со кој тие се искажуваат, како и испратените невербални сигнали низ облека, гестови и мимики.

Современата комуникација е побрза, почеста преку пренесување прецизни и јасни пораки на разбирлив јазик. Според проф. Тодор Кралев во вербалната комуникација (и во усната и во писмената) има вербален дел што подразбира корисен деловен разговор преку кој се споделуваат информации, се разјаснуваат појавените проблемски ситуации како последица од меѓусебните различности, како и разговори преку кои се дава помош во создадени критични ситуациии и заеднички се доаѓа до соодветно решение. Има и вокален дел, претставен преку почувствувана интонација на гласовните можности на соговорниците, како и визуелен дел кој го претставува говорот на телото, физичкиот изглед.

Sofijanova, Elenica (2018), Агроменаџмент, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Македонија, ISBN 978-608-244-509-0, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20013

Авторот на овој учебник проф. Софијанова истакнува дека агроменаџмент значи најдобро можно искористување на сите расположливи ресурси: земјата, работната рака (трудот), капиталот и претприемништвото заради остварување на поставените цели. Агроменаџментот е практичен процес, а не само теоретски предмет, затоа што ресурсите се тие со кои треба да се менаџира. Актуелните проблеми на развиените економии во ерата на постпродуктивизмот, во основа, се врзуваат за пронаоѓање алтернативни методи на земјоделско производство. Системот на агробизнисот, применувајќи нови технологии, како акцелератор ги зголемува приносите по хектар и проблемот на недоволна понуда го трансферира во неопходно ограничување на растот на земјоделското производство. Истовремено, се поставува прашањето за адекватност на употреба на земјиштето – природен ресурс и објективен услов на земјоделското производство. Од друга страна, се испитуваат и влијанијата на интензификацијата на земјоделството врз животната средина. Оттука, се применуваат различни програми за повлекување на земјоделското земјиште од употреба или практикување на органско производство на храна преку програми кои промовираат добри практики. Се проценува дека ваквата промена во употребата на ресурсите во земјоделството ќе биде следена со драстично зголемување на цените на земјоделските производи. Тоа, повторно, во прв план ќе го исфрли заборавеното прашање за соодветната понуда на храна за светското население, чиј број постојано се зголемува и ќе активира нов импулс за движењето за пораст на продуктивизмот во аграрот како приоритетна цел на аграрната политика во иднина. Најшироко поставено, аграрната политика вклучува група на принципи кои се применуваат во рамката на специфични програми на владата, кои влијаат врз производството на храна, употребата на ресурсите во земјоделството, домашниот и меѓународниот пазар на храна, потрошувачката на храна и исхраната, прехранбената безбедност и врз условите во кои луѓето живеат во руралните средини. Аграрната политика не може да се гледа како изолиран процес. Таа не е само составен дел на поширока, рурална политика, туку се наоѓа и во постојана интеракција со надворешно-трговската политика, политиката на технолошки иновации, политиката на рамномерен регионален развој, политиката на заштита на животната средина и политиката на одржлив развој. Конципирањето на аграрната политика е двостепен процес. Прво се набљудува и одлучува „што треба да биде“. Во таа смисла, аграрната политика најчесто се дефинира како свесно насочена акција на владата, спроведена во прехранбениот сектор за оптимална употреба на ограничените ресурси, со цел остварување на производствени резултати кои се во согласност со општественото уверување за тоа „што би требало да биде“. Првиот сегмент на дефинирање на аграрната политика вообичаено е сместен

во рамките на политичкиот процес на одлучување. Притоа, секогаш треба да се има предвид дека сфаќањата на различните учесници во агросистемот за тоа „што треба да биде“ се различни, а со тоа се отежнуваат проблемите за носителите на политичките одлуки. На прв поглед, различните интереси на различните учесници во овој процес во праксата се решаваат со постигнат консензус за тоа „што би требало да биде“. Аграрната политика, очигледно, е насочена кон создавање на т.н. „идеален прехранбен систем“ кој треба да обезбеди реализација на микс на разновидни цели, согледани низ потребата за обезбедување: (1) адекватна храна за сите, (2) евтина храна, (3) достапна храна во текот на годината, (4) здравствено безбедна храна и (5) соодветен начин на живот за земјоделските производители. Другиот сегмент на дефинирање на аграрната политика се однесува на изборот на методи и пазарни инструменти за правилно дозирање на интервенцијата на владата, со цел реализирање на идентификуваните цели за ефикасно функционирање на националниот агро-прехранбен систем. На овој начин, основната задача на аграрната политика се сведува на избор на најсоодветни методи со кои ќе се овозможи адекватна понуда на храна (според количина, цена и квалитет) со задоволителен животен стандард на земјоделските производители. Општо земено, аграрната политика претставува програма за насочување на развојот на земјоделството во рамките на однапред одбраниот модел на општествено-економски развој на националната економија.

***Научноистражувачка дејност***

Научноистражувачката дејност на кандидатката д-р Еленица Софијанова може да се оцени преку активното учество и придонес во бројните научноистражувачки трудови издадени во меѓународни научни публикации, стручни (научно-популарни списанија), како и во зборници од научни конференции одржани во земјава и во странство.

Во продолжение следи листа на научноистражувачките трудови на кандидатката, класифицирани според припадноста во меѓународни научни публикации, зборници од конференции во земјава и во странство и стручни списанија, согласно со критериумите дефинирани во Законот за високо образование:

<u>**Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни списанија:**</u>

**1.** Davcev, Ljupco and Marjanova Jovanov, Tamara and **Sofijanova, Elenica** (2018) Why Can’t We Make It? The Cardinal Business Sins of Domestic Companies in a Transitional Economy. Regional Studies on Economic Growth, Financial Economics and Management, 7. pp. 119-138. ISSN 2364-5067,
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19740

**2.** Kuzelov, Aco and Andronikov, Darko and Taskov, Nako and **Sofijanova, Elenica** and Saneva, Dusica (2017) Oxidative stability effect of basil, garlic and muscat blossom extracts on lipids and microbiology of minced meat. Comptes rendus de l’Académie bulgare des Sciences, 70 (9). pp. 1227-1236. ISSN 1310-1331,
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18458

**3.** Marjanova Jovanov, Tamara and **Sofijanova, Elenica** and Davcev, Ljupco and Temjanovski, Riste (2017) Impact of integrated communication on entrepreneurial companies’ financial performance - A developing economy. Financial Environment and Business Development, 4. pp. 29-41. ISSN 2364-5067,
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16717

**4.** Marjanova Jovanov, Tamara and **Sofijanova, Elenica** and Davcev, Ljupco and Temjanovski, Riste (2016) Entrepreneurial Competition Orientation and Profitability: The Case of a Developing Economy. Procedia - Social and Behavioral Sciences; SCImago Journal Rank (SJR): 0.156i, 207. pp. 652-661. ISSN 1877-0428,
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14403

**5.** Kuzelov, Aco and Ilieva, Verica and Taskov, Nako and **Sofijanova, Elenica** and Andronikov, Darko and Saneva, Dusica and Vasilev, Kostadin (2015) Antioxidative Wirkung von Gewürzextrakten. Journal Fleischwirtschaft (11). pp. 126-130,
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14467

**6.** Marjanova Jovanov, Tamara; **Sofijanova, Elenica**; Davcev, Ljupco; Temjanovski, Riste: (2015): Entrepreneurial Competition Orientation and Profitability: The Case of a Developing Economy. 11th International Strategic Management Conference 2015. Procedia - Social and Behavioral Sciences. Volume 207, 20 October 2015, Pages 652–661. 1877-0428 © 2015 The Authors. Published by Elsevier Ltd. This is an open access article under the CC BY-NC-ND license
http://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S1877042815052684

Dimovska, Violeta and Ilieva, Fidanka and Ivanova, Violeta and **Sofijanova, Elenica** and Naceva, Zaneta (2015) Characteristics of tempranillo grape variety (Vitis vinifera L.), grown in Tikveš's vineyard. Science & Technologies, 5 (6). pp. 195-199. ISSN 1314-4111, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13798

**7.** Davcev, Ljupco and Fotov, Risto and **Sofijanova, Elenica** and Marjanova Jovanov, Tamara (2014) E-commerce vs. e-banking - similarities and differences. International Journal "Knowledge", 7. pp. 143-148. ISSN 978-608-65653-7-4,
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11579

**8.** Davcev, Ljupco and Fotov, Risto and Marjanova Jovanov, Tamara and **Sofijanova, Elenica** (2014) The impact of mobile technologies on e-banking. International Journal "Knowledge", 4 (5). pp. 256-261. ISSN 978-608-65653-8-1,
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11577

Davcev, Ljupco and Fotov, Risto and **Sofijanova, Elenica** and Marjanova Jovanov, Tamara (2014) Е-комерција наспроти е-банкарството – сличности и разлики. Journal of Process Management - New Technologies - Special Edition, 7. pp. 137-143. ISSN 2334-735X, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12946

**9. Sofijanova, Elenica** and Marjanova Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco (2014) Basic professional education and permanent improvement – career development paths. Journal of Process Management – New Technologies, International - Special Edition, 4. pp. 97-100. ISSN 2334-7449,
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12944

**10. Sofijanova, Elenica** and Krsteski, Goran and Ilievski, Mite and Andronikov, Darko and Marjanova Jovanov, Tamara (2014) Job satisfaction (an employees) is general attitude toward the job. International scientific on-line journal "Science & Technologies", IV (7). pp. 11-14. ISSN 1314-4111,
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/10769

**11.Sofijanova, Elenica** and Krsteski, Goran and Dimovska, Violeta and Fotov, Risto and Kuzelov, Aco and Andronikov, Darko and Marjanova Jovanov, Tamara (2014) Planning strategies in negotiate conflict situations. International scientific on-line journal "Science & Technologies", IV (7). pp. 6-10. ISSN 1314-4111,
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/10772

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во домашни научни списанија:**

**Sofijanova, Elenica** and Andronikov, Darko and Ignjatova, Vesna (2017) Влијанието на ситуациски менаџерски стилови во организациското однесување. Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 12 (9). pp. 186-192. ISSN 1857- 7696, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18295

Serafimovikj, Gordana and Badarovski, Todor and Marjanova Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica (2017) Expectations and brand experience: Millennials - the generation that can shape the future service quality of companies in a developing economy. Balkan Social Science Review, 10 (10). pp. 151-169. ISSN 1857- 8772, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18775

Kuzelov, Aco and Andronikov, Darko and Taskov, Nako and **Sofijanova, Elenica** and Saneva, Dusica and Naseva, Dijana (2016) The influence of the garlic extract on the chemical composition, microbiological status and the sensory characteristics of minced pork meat and the semi-durable sausage. Macedonian journal of animal science, 6 (1). pp. 41-46. ISSN 1857 -7709, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16357

Temjanovski, Riste and Marjanova Jovanov, Tamara and **Sofijanova, Elenica** and Davcev, Ljupco (2016) Technological Industrial Development Zone - (DTIDZ) and international business

hub: Macedonian experience. Journal of Economics, 1 (2). ISSN 1857-9973, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17094

1 Kuzelov, Aco and Andronikov, Darko and Taskov, Nako and Saneva, Dusica and Naseva, Dijana and **Sofijanova, Elenica** (2015) Influence of the basil extracts and arillus myristicae on antioxidative changes in semidurable sausages. Macedonian Journal of Animal Science, 5 (1). pp. 31-34. ISSN 1857-7709
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13709

2 Andronikov, Darko and Kuzelov, Aco and Taskov, Nako and Saneva, Dusica and Janevski, Aco and Mojsov, Kiro and **Sofijanova, Elenica** (2015) Content of nitrites and salt and chemical composition of some meat products. Macedonian Journal of Animal Science, 5 (1). pp. 35-41. ISSN 1857-7709
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13710

Kuzelov, Aco and Andronikov, Darko and Taskov, Nako and Saneva, Dusica and **Sofijanova, Elenica** (2015) Antimicrobiological effect of extracts from spices during production of semidurable national sausages. Macedonian Journal of Animal Science, 5 (1). pp. 25-30. ISSN 1857 – 7709 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13709

Ilievski, Mite and Spasova, Dragica and Mihajlov, Ljupco and Markova Ruzdik, Natalija and Ilieva, Verica and **Sofijanova, Elenica** (2015) Production and balance among of cereal plants in Republic of Macedonia. Yearbook - Faculty of Agriculture, 13 (1). pp. 129-138. ISSN 1857- 8608, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15477

Marjanova Jovanov, Tamara and Fotov, Risto and **Sofijanova, Elenica** (2014) Улогата на малите и средните претпријатија во националното стопанство. Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 6 (6). pp. 17-27. ISSN 1857- 7628, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11348

3 Marjanova Jovanov, Tamara and Sofijanova, Elenica and Davcev, Ljupco and Gjoreski, Gjoko (2015) Анализа на степенот на ориентација кон потрошувачите во МСП во Р. Македонија. Marketing, 1 (2). pp. 49-56. ISSN 1857-9795,
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13329

4 **Sofijanova, Elenica** and Dimovska, Violeta and Ilievski, Mite and Andronikov, Darko and Necev, Borce and Ristovska, Dafina (2015) Managing the achievement process through selfcontrol. International scientific on-line journal "Science & Technologies",
5 (7). pp. 1-5. ISSN 1314-4111

Marjanova Jovanov, Tamara and Fotov, Risto and **Sofijanova, Elenica** (2014) Улогата на малите и средните претпријатија во националното стопанство. Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 6 (6). pp. 17-27. ISSN 1857- 7628, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11348

**Sofijanova, Elenica** and Marjanova Jovanov, Tamara and Andronikov, Darko and Janevski, Aco (2014) Анализа на комуникацискиот процес во домашните МСП. Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 6 (6). pp. 57-65. ISSN 1857- 7628, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11350

**<u>Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од меѓународни научни конференции (во странство):</u>**

5 **Sofijanova, Elenica** and Marjanova Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco (2016) Commitment and policy to quality. VI International scientific and practical conference: Managing the development of economic and regional systems: an Eurasian perspective, 1 (1). pp. 131-136, "Higher Business School" OmSPU (Omsk, Russia),"Goce Delcev" University (Stip, Macedonia)
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18682

6 Andronikov, Darko and Kuzelov, Aco and **Sofijanova, Elenica** and Taskov, Nako and Saneva, Dusica (2014) Učešće sadržaja proteina dobivenih od svinskih kožica u barenim svinskim kobasicama. In: XIX Savetovanje o biotehnologiji sa medjunarodnim ucescem, 07-08 March 2014, Cacak, Republika Srbija,
http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9751

7 **Sofijanova, Elenica** (2014) Through the intellectual capital - knowledge, to the new value and social responsibility. In: 9th IRDO International Conference: Social responsibility and current challenges 2014: Health – personal and/or social responsibility?, 6-7 March 2014, Maribor, Slovenia,

**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6532**

**Sofijanova, Elenica** and Kuzelov, Aco and Andronikov, Darko (2014) Systematic planning is a basic requirement for effective quality management in meat industry. In: XIX Savetovanje o biotehnologiji sa medjunarodnim ucescem, 07-08 March 2014, Cacak, Republika Srbija,**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9753**

**Sofijanova, Elenica** and Kuzelov, Aco and Andronikov, Darko (2014) Ocenjivanje performansi zaposlenih kao društvena odgovornost preduzeća. In: XIX Savetovanje o biotehnologiji sa medjunarodnim ucescem, 07-08 March 2014, Cacak, Republika Srbija,**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9754**

8 Kuzelov, Aco and Andronikov, Darko and Taskov, Nako and **Sofijanova, Elenica** and Saneva, Dusica and Kletnikoski, Petar and Naseva, Dijana (2014) Influence of the extract of basil on the oxidative changes, microbiological image and sensory properties in semi-durable sausages. In: Food Science, Engineering and Technologies, 24-25 Oct 2014, Plovdiv, Bulgaria,

**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12104**

9 Kuzelov, Aco and Andronikov, Darko and Taskov, Nako and **Sofijanova, Elenica** and Saneva, Dusica and Kletnikoski, Petar and Naseva, Dijana (2014) Influence of the extract of basil on the oxidative changes, microbiological image and sensory properties in semi-durable sausages. In: Food Science, Engineering and Technologies, 24-25 Oct 2014, Plovdiv, Bulgaria,

**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12104**

10 Andronikov, Darko and Kuzelov, Aco and Taskov, Nako and Saneva, Dusica and Janevski, Aco and Mojsov, Kiro and **Sofijanova, Elenica (2015) The influence of the content of the brine on the growth rate and the loss of weight of some smoked pork products. In: XX Savetovanje o biotehnologiji, 13-14 March 2015, Čačak, Serb**ia,

**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13718**

Marjanova Jovanov, Tamara and **Sofijanova, Elenica** and Davcev, Ljupco and Temjanovski, Riste (2015) Impact of integrated communication on entrepreneurial companies' finacial performance: a developing economy. In: 16th EBES Conference, May 2015, Istanbul, Turkey,**https://www.ebesweb.org/Conferences/Recent/16th-EB...**

11 **Sofijanova, Elenica** and Marjanova Jovanov, Tamara and Andronikov, Darko and Janevski, Aco and Davcev, Ljupco (2015) Managing change through management development process. XX Savetovanje o biotehnologiji, 1. pp. 479-485.

**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14405**

**Sofijanova, Elenica** and Andronikov, Darko and Kostanov, Zoranco and Saveski, Dobre and Trajkovski, Dean (2016) Management as a process of interaction between employees, social environment and the nature of task – fiedler's contingency model. In: 21th International Symposium on Biotechnology, 11-12 March 2016, Čačak, Serbia,**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15797**

12 Andronikov, Darko and Janevski, Aco and Mojsov, Kiro and Kuzelov, Aco and Sofijanova, Elenica and Taskov, Nako and Mitev, Klime (2016) Influence of sex on chemical composition of chicken meat and economic benefits. In: 21th International Symposium on Biotechnology, 11-12 March 2016, Čačak, Serbia,

**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15796**

13 Sofijanova, Elenica and Andronikov, Darko and Kostanov, Zoranco and Krsteski, Goran and Noveski, Aco and Dimovska, Violeta (2016) Ego conditions and roles in organizational behavior. In: 21th International Symposium on Biotechnology, 11-12 March 2016, Čačak, Serbia,

**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15798**

14 Davcev, Ljupco and Marjanova Jovanov, Tamara and **Sofijanova, Elenica** (2016) The cardinal business sins of domestic companies in a transitional economy. In: 19th EBES Conference - Istanbul, May 26-28 2016, Istanbul, Turkey,

**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16147**

15 **Sofijanova, Elenica** and Marjanova Jovanov, Tamara and Andronikov, Darko and Davcev, Ljupco and Janevski, Aco (2016) Diferentiation and integration in building of organizational structure. In: The teacher of the future - Ninth International Scientific Conference, 17-19 June 2016, Durres, Republic of Albania,

**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15969**

16 **Sofijanova, Elenica** and Marjanova Jovanov, Tamara and Andronikov, Darko and Davcev, Ljupco and Janevski, Aco (2016) Management system of personality corelated with organizational behavior. In: The teacher of the future - Ninth International Scientific Conference, 17-19 June 2016, Durres, Republic of Albania,

**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15968**

17 Andronikov, Darko and Mojsov, Kiro and Janevski, Aco and Kuzelov, Aco and **Sofijanova, Elenica** and Indzhelieva, Dijana (2017) Proximate composition, microbiological quality and sensory characteristics in different types of pates. In: Scientific Works of University of Food Technologies, 20-21 Oct 2017, Plovdiv, Bulgaria,

**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19370**

18 Marjanova Jovanov, Tamara and **Sofijanova, Elenica** and Davcev, Ljupco and Temjanovski, Riste and Mitev, Goran (2017) Make it happen: business steps for competitive market positioning of SMEs in developing economy. In: 22nd EBES Conference, 24-26 May 2017, Rome, Italy,

**http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17863**

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од меѓународни научни конференции (во земјава):**

19 Marjanova Jovanov, Tamara and **Sofijanova, Elenica** (2014) Corporate mission statement and business performance: Through the prism of Macedonian companies. Balkan Social Science Review, 3. pp. 179-199. ISSN 1857- 8772,

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/10539

20 **Sofijanova, Elenica** and Marjanova Jovanov, Tamara (2015) Конфликтно партнерство рефлектирано низ организациската зрелост на претпријатието. Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip, 7 (7). pp. 33-40. ISSN 1857- 7628

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13325

21 Davcev, Ljupco and Marjanova Jovanov, Tamara and **Sofijanova, Elenica** (2017) Regional Studies on Economic Growth, Financial Economics and Management: Why Can't We Make It? The Cardinal Business Sins of Domestic Companies in a Transitional Economy. Regional Studies on Economic Growth, Financial Economics and Management, 7 (1). pp. 119-138. ISSN 2364-5067,

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17771

22 **Sofijanova, Elenica** and Kimova, Gorgina (2017) Кодексот на етика во функција на безбедноста во работниот процес. In: Меѓународен дијалог Исток -Запад, 28-29 Apr 2017, Sveti Nikole, Macedonia,

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18235

**Sofijanova, Elenica** and Kimova, Gorgina and Nakovska, Blagica (2017) Формулирање и имплементација на стратегија како еден од чекорите во менаџерската функција - планирање. In: Меѓународен дијалог Исток -Запад, 28-29 Apr 2017, Sveti Nikole, Macedonia, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18235

***Евалуација на трудовите во авторство или коавторство на д-р Еленица Софијанова:***

***Евалуација на трудот бр.1 (ред.бр. 59)***

1. Davcev, Ljupco and Marjanova Jovanov, Tamara and **Sofijanova, Elenica** (2018) Why Can't We Make It? The Cardinal Business Sins of Domestic Companies in a Transitional Economy. Regional Studies on Economic Growth, Financial Economics and Management, 7. pp. 119-138. ISSN 2364-5067,

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19740

Анализата направена во овој оригинален научен труд е фокусирана на деловните практики на компаниите во транзицијаекономија (Република Македонија), вклучувајќи и различни начини на финансирање во рана фаза наразвој, алтернативни начини на финансирање, почетни инвестиции, финансирање на работен капитал, истражување на пазарот; пазарна ориентација; имплементација на елементи на маркетинг стратегија.

Трудот развива две општи хипотези: проактивен пристап на пазарот кој е значителнокорисен за финансиското работење на компаниите и претставување на соодветни начини на финансирање кои се клучни за опстанокот и растот на компаниите.

Анализата се спроведува преку IBM SPSS19. Добиените резултати покажуваат дека овие компании имаат многу ограничувања во анализираните активности: недостаток на користење на различни начини на финансирање; несоодветна употреба на финансирање на обртни средства; неписменост во врска со управувањето со финансиите и инвестициите; истражување и повремена имплементација на пазарот; средно ниво на пазарна ориентација; недостатоци во неколку елементи на маркетинготстратегија. Анализата открива поврзаност на потрошувачките истражувања, повисоко ниво на пазарот, ориентација и имплементација на одредени елементи на маркетинг стратегија со профитабилност. Овој труд нуди функционални и социјални импликации: елиминација на перцепираните слабости, со што се создава можност за понатамошен раст и развој. Резултатите исто така можат да обезбедат база и поддршка за истражувања во други транзициони економии.

***Евалуација на трудот бр.2 (ред.бр. 57)***

2. Kuzelov, Aco and Andronikov, Darko and Taskov, Nako and **Sofijanova, Elenica** and Saneva, Dusica (2017) Oxidative stability effect of basil, garlic and muscat blossom extracts on lipids and microbiology of minced meat. Comptes rendus de l'Académie bulgare des Sciences, 70 (9). pp. 1227-1236. ISSN 1310-1331 **, IF 0,251**

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18458

